Република Северна Македонија
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup
Примено: / E pranuar: 09. 01. 2026

| Орг. Един. Njësia. Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
|---|---|---|---|
| 08 | 138/1 | | |


**ДО**
***СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА***
***СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА***
г. Африм Гаши, претседател

Врз основа на член 84 и амандманите XXII и XXVIII на Уставот, како и член 6 став (1) алинеја четири и член 12 став (3) и став (4) од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, предлагам:

**- вонр. проф. д-р Арлинда Кадри-Шахиновиќ**

да биде избрана за член на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Во прилог на предлогот, Ви доставувам биографија од предложената кандидатка и докази за исполнетост на условите.

Бр. 08-23/1
08. 01. 2026

**Гордана Сиљановска-Давкова**

**Биографија**

**Проф. д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ**

Проф. д-р **Арлинда Кадри Шахиновиќ** е доктор на правни науки и универзитетски наставник со долгогодишно академско и научно искуство. Високото образование го започнува и го завршува со континуиран академски напредок. Во 2007 година дипломира како **дипломиран правник**, насока *Европско право и правото на Европската Унија* а во 2009 година се стекнува со звање **магистер на правни науки**, насока *Европско право и правото на Европската Унија*, на Првиот приватен универзитет – ФОН, со магистерски труд на тема **„Брачни пречки“**. Во 2016 година докторира на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Универзитет “Св. Кирил и Методиј”- Скопје со докторска дисертација на тема **„Брачните пречки во Римското и современото семејно право“**, со што се стекнува со звање **доктор на правни науки**. Својот академски ангажман го започнува во 2007 година како **помлад асистент** на Правниот факултет при Универзитетот ФОН во Скопје. Од 2010 година е ангажирана како **асистент магистер** од областа на правните науки на Факултетот за правни науки при Универзитетот ФОН. Во 2017 година е избрана за наставник од областа на правните дисциплини со звање **доцент**, а во 2023 година е избрана во звање **вонреден професор** на Факултетот за правни науки, меѓународни односи и дипломатија при Мит Универзитет.

Во својата наставно-научна дејност, проф. д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ изведува настава на додипломски и постдипломски студии, особено во областите на граѓанското и семејното право; автор е и коавтор на повеќе научни и стручни трудови кои се објавени во домашни и меѓународни научни списанија и зборници. Учесник е на бројни меѓународни и национални научни и стручни конференции, симпозиуми и стручни расправи од областа на правото, владеењето на правото и судската заштита на граѓанските права. Исто така, член е на програмски и уредувачки одбор на меѓународни и домашни научни конференции и симпозиуми со што придонесува за промоција на академската заедница во земјата и странство. Нејзините академски и научни капацитети во текот на 2025 година беа препознаени на меѓународно ниво и во тој контакст беше избрана за член-академик на Меѓународната истражувачка академија на науки и уметности – МИАНУ академијата (IRASA) во Белград, р. Србија.

Покрај академската работа, таа е активно вклучена како член и учесник во работата на граѓански организации и здруженија, како и во други организации кои дејствуваат во областа на заштитата на правата на децата, човековите права и општествената одговорност. Таа е член на Генералното собрание на СОС Детско село, ангажирана како правен експерт во Фудбалската федерација на Македонија (ФФМ), како и претседател на Комисијата за жалби при ФФМ, функција која ја извршува во втор мандат. Била член на Комисијата за помилување при Претседателката на Република Северна Македонија.

Покрај академската, научната и истражувачка дејност, проф.д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ придонесува промоција на општествените вредности и цивилизациски придобивки на нашето општество. За таа цел активно е вклучена во проекти од пошироко општествено значење изразувајќи придонес во развојот на концептот за општествена одговорност и отчетност во приватниот сектор, како и преку други форми на професионален и граѓански активиззам.

Лични информации

# Вонр. Проф. Д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ



Скопје 1000, Република Северна Македонија

[redacted]

Пол Ж | Датум на раѓање [redacted] Државјанство македонско / граѓанин на Република Северна Македонија

## Работно искуство

**2023-во тек**

### Вонреден Професор, МИТ Универзитет Скопје

Факултет за правни науки, меѓународни односи и дипломатија, МИТ Универзитет Скопје
Ул. Трета Македонска Бригада бр.66а, Скопје 1000, Република Северна Македонија
https://www.mit.edu.mk/
Бизнис или сектор Образование и Право

**2017-2023**

### Доцент Професор во научните области семејно право и наследно право на Факултетот за правни науки Фон Универзитет

"ФОН Универзитет"
Ул. Киро Глигоров 5, 1000 Скопје, Северна Македонија
https://aue.mk
Бизнис или сектор Образование и Право

**2011 – 2017**

### Асистент магистер на Факултетот за правни науки- Фон Универзитет

"ФОН Универзитет"
Ул. Киро Глигоров 5, 1000 Скопје, Северна Македонија
https://aue.mk
Бизнис или сектор Образование и Право

## Образование и обука

**2011-2016** — **Докторски студии** — ЕКР Ниво 8

Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Бул. Гоце Делчев, бр. 9б, Скопје 1000, Република Северна Македонија
www.pf.ukim.edu.mk

**2007-2011** — **Магистарски студии**

Факултет за правни науки -ФОН Универзитет
Ул. Киро Глигоров 5, 1000 Скопје, Северна Македонија
https://aue.mk

**2003-2007** — **Додипломски студии** — ЕКР Ниво 7

Факултет за правни науки ФОН Универзитет”
Ул. Киро Глигоров 5, 1000 Скопје, Северна Македонија
https://aue.mk

## Лични вештини

**Мајчин јазик** Македонски јазик

**Други јазици**

| | РАЗБИРАЊЕ | | ЗБОРУВАЊЕ | | ПИШУВАЊЕ |
|---|---|---|---|---|---|
| | Слушање | ЧИТАЊЕ | Вербална интеракција | Вербална продукција | |
| Англиски јазик | B2 /C1 | B2 /C1 | B2/C1 | B2/C1 | B2/C1 |

Ниво: A1/A2: Почетник - B1/B2: Независен корисник - C1/C2: Напреден корисник
Заедничка европска рамка за референци на јазици

**Комуникациски вештини**

- Исклучителна способност за јасно и аргументирано пренесување на комплексни правни и меѓународни концепти, на јасен, структуриран и убедлив начин.
- Прилагодување на комуникацискиот стил според целната група (судски и правни органи, академска заедница, дипломатски и институционални кругови).
- Убедливо и харизматично излагање при учество во јавни настапи, академски предавања, преговарачки процеси и правни расправи.
- Развиени способности за активно слушање и водење насочувачки правни и дипломатски дијалози за поттикнување на критичко и стратешко размислување.
- Способност за создавање професионална и колегијална атмосфера во институционални и правни средини.

**Организациски/менаџерски вештини**

- Докажано искуство во планирање и координација на правни, академски и дипломатски програми и меѓународни проекти.
- Управување со мултидисциплинарни тимови, со ефективно делегирање на задачи и надгледување на процеси во правни и институционални контексти.
- Одржување високо ниво на дисциплина, продуктивност и професионализам при тимска работа во правосудството и јавната администрација.
- Способност за градење и одржување на доверливи и кооперативни односи со институции, соработници и меѓународни партнери.
- Искусност во истовремено раководење со повеќе иницијативи и постапки на национално и меѓународно ниво.

**Вештини и знаења поврзани со работата**

- Применување на современи методологии во правни обуки и професионални тренинзи, со акцент на интерактивен и практичен пристап.
- Прилагодување на правни материјали и стратешки документи според различни културни, институционални и правни контексти.
- Способност за мотивирање и поттикнување на доверба кај учесници во правни, дипломатски и академски обуки.
- Искуство во мониторинг, анализа и евалуација на резултати според академски, правни и дипломатски стандарди.
- Ефикасна интеграција на дигитални алатки и платформи за подобрување на правната анализа, истражувачкиот и наставниот процес.

**Дигитални вештини**

| САМОПРОЦЕНКА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Обработка на информации | Комуникација | Креирање на содржини | Безбедност | Решавање на проблеми |
| Напреден корисник | Напреден корисник | Напреден корисник | Напреден корисник | Напреден корисник |

Ниво: Почетник - Независен корисник - Напреден корисник
Дигитални вештини - Мрежа за само-оценување

Други компјутерски вештини:
▪ добро познавање на пакетот Microsoft Office

**Други вештини**

▪ пребарување содржина и одредување специфични теми поврзани со одредена содржина
▪ развој и управување со проекти

**Возачка дозвола** Б категорија

© European Union, 2002-2018 | europass.cedefop.europa.eu

## Дополниелни информации

НАУЧНО-ОБРАЗОВНА И НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ (ТРУДОВИ)

- Arlinda Kadri Shahinoviq, Governmental and institutional framework of hausing policy in RM - International conference on spatial data infrastructures and spatial information management 2013, November NO. C: 55- 2013
- Arlinda Kadri Shahinoviq, ProQuest&CiteFactorOpen Access Journals, EBSCO (2014), Proquest&CiteFactor, First Published in August 2004 ISSN: 1409-8962-,
- Arlinda Kadri Shahinoviq, 'Semejstvoto vo sovremenoto pravo' Centrum 6, ISSN; 1857-8640, UDC ; 347.61/.64(4), pg, 34, 2016, Center for Understanding and Institutional Cooperation ( CUIC)
- Arlinda Kadri Shahinoviq, International law for regulating with an international element' International magazine for social sciences "Vizione" Nr. 27, ISSN ; 1409-8962, UDC 316,33,32, pg. 141, 2017/, Open Access Journals,
- Arlinda Kadri Shahinoviq,' Prava I obvrski na stranite so stranski element' "Centrum 5" 1857-8640, UDC; 3 (497.7;4-672 EU), pg, 77, 2017, Center for Understanding and Institutional Cooperation (CUIC)
- Arlinda Kadri Shahinoviq, 'Решавање на меѓународни спорови по мирен пат' Наућно списание Centrum 7, ISSN; 1857-8640, UDC; 341. 62; 341.631/.632, pg.30,2017, Center for Understanding and Institutional Cooperation ( CUIC)
- Кадри Шахиновик Арлинда, Шерифи Казиме, -Правата на етничките заедници во Република Македонија, International Journal Scientific Papers Knowledge, Vol. 26.6, стр. 6 1807-1812, 2018 година
- Силјаноска.З , Кадри Шахиновик А., 'Економската важност на корпоративното управување во Европската Унија и нејзината улога во процесот на конвергенција'-International Journal Scientific Applicative Papers, Institute of knowledge management Skopje, Macedonia, Budva, 23-26.05.2018
- Шерифи Казиме, Кадри Шахиновик Арлинда, - Арбитражната комисија и дисолуција на југословенската федерација' – International Journal Skientific Papers Knowledge, Vol. 35.5 str. 1593-1598, 2019.
- Kadri Shahinoviq Arlinda, Asani Zineta ( 2019) ' Reduction of the functions of the modern family', Magazine of social Sciences 'Vizione', 33/2019, Skopje, p.p. 211, ISSN;1409-8962, ISSN, 1857-9221, August 2019
- Asani, Z., Kadri Shahinoviq, A of North Macedonia', Centrum – 12/2019 – UDC; 347.235;340.13 (497.7), p.p 278-295, ISSN 1857-8640, ISSN 1857- 9395, Center for Understanding and Institutional Cooperation (CUIC).,
- Современи наследно правни системи- македонски и албански јазик, авторизирани предавања, 2021
- Семејството и бракот во современото семејно право, авторизирани предавања, 2021
- Kadri Shahinovik A, Phd, Siljanovska Z, Phd "Equal Employment Opportunities for Young people at Social"Magazine of social Sciences 'Vizione', 39/20228962,ISSN, 1857-9221, August 2022
- Kadri Shahinovik A, Phd, Siljanovska Z, Phd"National measures for gender equality and economic independence of women"- Ninth International Scientific Conference-Stip,2022
- Serjoza Markov, Arlinda Kadri Shahinovikj, Measures to Strengthen Judical Independence, International and Scientific and Professional Conference: The Reform of the Judical System Between Politics and Law, MIT University, Skopje, 13.06.2025.
- Zinet Asani, Zorica Siljanovska, Arlinda Kadri Shahinovik, Liability of the Seller for Handing over an Item with Defects in the Sales Contract in Domestic and International Law, „Охридска школа на правото",Институтот за правно-економски истражувања и едукација ЈУРИДИКА ПРИМА 2023.
- S.Markov, A.Kozarev, A. Kadri Šahinovikj, Zbornik radova: 29.Međunarodna konferencija: Ekonomski, pravni i medijski izazovi ka održivim modelima poslovanja s posebnim oscrtom na cirkularnu ekonomiju u BiH i zemaljama Zapadnog Balkana, Internacionalni univerzitet Travnik, Travnik, 13.12.2024 godina, Paper: "Korupcija i nepravilni uticaj izvršne i zakonodavne vlasti na provosuđe – izazov za institucionalne reforme"
- Арлинда Кадри Шахиновиќ, Благица Михајловска Коточевска, Правни решенија за спречување на еколошки криминал: законодавство и безбедносни стратегии, Меѓународната научна конференција „Тиквешки правнички

денови",Институтот за правно-економски истражувања и едукација ЈУРИДИКА ПРИМА, 2025 година (во печатење).

- Арлинда Кадри Шахиновиќ, Благица Михајловска Коточевска, Правни и безбедносни аспекти на семејното обединување , Меѓународната научна конференција „Охридска школа на правото",Институтот за правно-економски истражувања и едукација ЈУРИДИКА ПРИМА, 2025 година (во печатење).
- Серјожа Марков, Арлинда Кадри Шахиновиќ, Атанас Козарев, Институтот автономија на волја во меѓународната трговска арбитража, Охридска школа на правото",Институтот за правно-економски истражувања и едукација ЈУРИДИКА ПРИМА, 2025 година (во печатење).
- Arlinda Kadri Shahinovikj, Serjoza Markov, Arlinda Kadri Shahinovikj, Measures to Strengthen Judical Independence, International and Scientific and Professional Conference: The Reform of the Judical System Between Politics and Law, MIT University, Skopje, 13.06.2025.
- Arlinda Kadri Shahinovikj, Blagica Kotovchevska, Human rights in the context of human seccurity, International and Scientific and Professional Conference: The Reform of the Judical System Between Politics and Law, MIT University, Skopje, 13.06.2025.

## Анекси

- примероци од дипломи и квалификации на ваше барање,
- доказ за вработување или работни задачи на ваше барање,
- препораки на ваше барање,
- други потребни информации на ваше барање.

Врз основа на член 179 т.1 од Законот за високото образование ("Сл.весник на РСМ" бр. 18/2018), **Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки, меѓународни односи и дипломатија** на седницата одржана на ден 03.02.2023 година ја донесе следната

МИТ Универзитет
Република Северна Македонија
Бр. 0302-55/5
03.02 2023 год.
СКОПЈЕ

**О Д Л У К А**

**Доц. д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ се избира во наставно-научно звање ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР од областа Семејно право (50819) и Наследно право (50820) на Факултетот за правни науки, меѓународни односи и дипломатија при МИТ Универзитет – Скопје, за период од пет години, сметано од 03.02.2023 година.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На објавениот Конкурс за избор на наставник во сите наставно-научи звања од областа на Семејно право (50819) и Наследно право (50820)на Факултетот за правни науки, меѓународни односи и дипломатија при МИТ Универзитет во Скопје, се пријави доц. д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ.

Врз основа на член 173 т.1 и 3 Законот за високото образование ("Сл.весник на РСМ" бр. 18/2018), Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки, меѓународни односи и дипломатија, по предлог на рецензионата комисија едногласно ја избра кандидатката доц. д-р Арлинда кадри Шахиновиќ во наставно-научно звање ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР од областа Семејно право (50819) и Наследно право (50820) на Факултетот за правни науки, меѓународни односи и дипломатија при МИТ Универзитет – Скопје.

Одлуката стапува во сила со денот на нејзино донесување.

**Декан**
**проф. д-р Атанас Козарев**

Врз основа на член 1,2,3 и 4 од Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области), Деканот на Факултетот за правни науки, меѓународни односи и дипломатиија при МИТ Универзитет Скопје, на ден 03.07.2024 година, го донесе следното

МИТ Универзитет
Република Северна Македонија
Бр. 0302-599/10
03.07.2024 год.
СКОПЈЕ

РЕШЕНИЕ

Изборот на д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ, во наставно – научно звање на доцент од научна област Семејно право (50819) и Наследно право (50820)на Факултетот за правни науки, меѓународни односи и дипломатија, со Одлука бр. 0302-55/5 од 03.02.2023 година, се усогласува со називот и кодниот број утврден во Класификацијата на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) и се утврдува научна област: Граѓанско материјално право (5.05.00.03).

**МИТ Универзитет Скопје**
**Факултет за правни науки, меѓународни односи**
**и дипломатија**
**Декан**
**проф.д-р Атанас Козарев**

Врз основа на член 243 од Статутот на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје и членовите 62, 63, 64 и 65 од Правилникот за единствените основи за организирање на последипломски и докторски студии на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје /"Универзитетски гласник" бр. 7 од 25 септември 2001 година/, по одржаната јавна одбрана на ден 09.07.2016 година на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, на докторската дисертација под наслов: **„Брачните пречки во римското и современото семејно право“** од кандидатката м-р Арлинда Кадри Шахиновиќ, Комисијата во состав: д-р Владо Бучковски, редовен професор (ментор), д-р Гоце Наумовски, вонреден професор, д-р Дејан Мицковиќ, редовен професор, д-р Марија Игњатовиќ, вонреден професор и д-р Есин Кранли Бајрам, доцент , ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

**М-Р АРЛИНДА КАДРИ ШАХИНОВИЌ**, успешно ја одбрани својата докторска дисертација под наслов: **„Брачните пречки во римското и современото семејно право“** и со тоа се стекна со научен степен **доктор на правни науки.**

Членови на Комисијата:

____________________
проф.д-р Владо Бучковски

____________________
проф.д-р Гоце Наумовски

____________________
проф.д-р Дејан Мицковиќ

____________________
проф.д-р Марија Игњатовиќ

____________________
доц. д-р Есин Кранли Бајрам

Јас, НОТАР Насер Зибери
Основен Суд, Скопје

Потврдувам дека ова е препис на изворната исправа Одлука број од издаден од .

Напишан е со други механички средства (фотокопија) и има 1 страници.

Изворната исправа ја донесе со себе Кадри-Шахиновиќ Арлинда у[redacted] Скопје , со лична карта бр. [redacted]здадена од МВР Скопје

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 од Законот за судски такси во износ од 25.00 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 100.00 денари.

Број УЗП 15390/2016

Во Скопје 26-09-2016

Нотар
Насер Зибери

НОТАР НАСЕР ЗИБЕРИ СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПОМОШНИК - НОТАР
ИВАНА ТАЛЕВСКА-ТРЕНДАФИЛОВА
за подрачјето на основните судови на градот Скопје

# Мотивационо писмо

## за кандидатура за член на Судскиот совет на Република Северна Македонија

Почитувани членови на Комисијата,

Со ова писмо ја изразувам мојата силна професионална и лична мотивација да бидам избрана за член на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Како универзитетски професор по право, со долгогодишно искуство во наставата, научно-истражувачката дејност и следењето на судската практика, сметам дека можам да дадам значаен и одговорен придонес во унапредувањето на судската независност, професионалноста и интегритетот на судството.

Во текот на мојата академска кариера, посебно внимание посветувам на прашањата поврзани со владеењето на правото, уставните принципи, судската власт и односот меѓу теоријата и практиката. Работејќи со студенти и млади правници, континуирано ја нагласувам важноста на независното и непристрасно судство како темел на демократското општество и заштитата на човековите права.

Сметам дека моето стручно знаење, аналитички пристап и академска независност се значајни предуслови за објективно и одговорно учество во работата на Судскиот совет, особено во постапките за избор, унапредување и дисциплинска одговорност на судиите. Како професор, навикната сум на аргументирана дебата, критичко размислување и носење одлуки засновани на право, а не на лични или политички влијанија.

Мојата мотивација произлегува од уверувањето дека Судскиот совет мора да биде институција со висок углед, транспарентност и доверба во јавноста. Верувам дека со мојот ангажман можам да придонесам кон јакнење на институционалниот интегритет, доследна примена на законите и унапредување на стандардите во судската власт.

Подготвена сум одговорно, совесно и непристрасно да ја извршувам функцијата член на Судскиот совет, водејќи се исклучиво од Уставот, законите и интересот на правдата.

Со почит,

Арлинда Кадри Шахиновиќ
Вонреден професор
Мит Универзитет-Факултет за правни науки, меѓународни односи и дипломатија
Скопје, 18.12.2025

ПИСМО ЗА ПРЕПОРАКА

за кандидат за член на Судскиот совет на Република С. Македонија

Јас , Серјожа И Марков, Адвокат со 30 годишно искуство , првично како самостоен , а подоцна и како Адвокат -партнер во Адвокатското друштво Чукиќ и Марков, Почесен конзул на Република Молдавија во Република Северна Македонија, и доцент на МИТ Универзитетот во Скопје , со ова писмо со задоволство ја давам оваа препорака за проф.д-р. Арлинда Кадри Шахиновиќ. Имено, во текот на нашата професионална соработка при Мит Универзитетот во Скопје, колешката проф.д-р. Арлинда Кадри Шахиновиќ покажа високо ниво на професионалност, одговорност и стручност. Во текот на нашата соработка, проф.др. Арлинда Кадри Шахиновиќ, покажа огромна посветеност и стручност во областите во кои ја врши својата професија. Особено би истакнал дека станува збор за личност која е исклучително скромна, неуморно работлива и иницијативна, со еден збор совршена за реформската перспектива на правосудството.

Воедно би истакнал дека како врвен професионалец во својата област, секогаш делувала со јасни, чесни и искрени намери, не потпаѓајќи на никакви провокации и не подлежејќи на никакви корупmивни ситуации.

Врз основа на личните и професионалните особини кои колешката проф. д-р. Арлинда Кадри Шахиновиќ ги поседува, моето мислење е дека нејзиниот ангажман во Судскиот Совет без сомневање ќе претставува значајна вредност и ќе ги исполни очекувањата за кои

Доколку се потребни дополнителни информации, слободно контактирајте ме.

Со почит,

Серјожа И Марков

Скопје, 17. 12. 2025

# П р е п о р а к а
## за член на Судски совет на Република Северна Македонија

Со ова писмо ја изразувам мојата целосна поддршка за кандидатурата на Арлинда Кадри Шахиновиќ за член на Судскиот совет на Република Северна Македонија бидејќи во текот на нашата соработка, имав можност да се уверам во нејзиниот висок професионализам, интегритет и посветеност кон владеењето на правото.

Арлинда Кадри Шахиновиќ поседува длабоко познавање на правната материја, аналитички способности и исклучителна етичка свест, што се клучни предуслови за вршење на функцијата член на Судскиот совет. Нејзината способност да донесува одлуки врз основа на закон и факти, без влијание од надворешни фактори, е гаранција за независност и непристрасност. Дополнително, Арлинда Кадри Шахиновиќ се одликува со комуникациски вештини и конструктивен пристап во решавање на комплексни правни прашања, што придонесува за транспарентност и ефикасност во работата на институциите.

Сметам дека изборот на Арлинда Кадри Шахиновиќ за член на Судскиот совет ќе биде значаен придонес кон зајакнување на правосудниот систем и довербата на јавноста во судската власт.

Со почит,
М-р. Марјан Коцевски
Нотар и Председател на стручен совет на НКРСМ

Такса по тар.бр. 1 и 11
ПЛАТЕНА И ПОНИШТЕНА
НА ПОДНЕСОКОТ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# УВЕРЕНИЕ ЗА ДРЖАВЈАНСТВО

со кое се докажува дека

АРЛИНДА КАДРИ-ШАХИНОВИЌ
(име и презиме)

роден на [redacted] [redacted]
(ден,месец, година)

во СКОПЈЕ, СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
(место, општина, држава)

од татко ИСМЕТ и мајка НИЃАР

## ИМА ДРЖАВЈАНСТВО МАКЕДОНСКО / ГРАЃАНИН НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

и запишан е во регистарот на државјаните на Република Северна Македонија

под реден број 001873229.

СКОПЈЕ

Бр. 12.1.4.2/3/1-92.

06.01 20 26 год.

М.П.

ЕНИСА КУЧЕВИЌ

(потпис на службеното лице)

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КАЗНЕНА И**
**КРИВИЧНА ЕВИДЕНЦИЈА**
**КР-36947/25**
**22.12.2025**
**С К О П Ј Е**

ОСНОВНИОТ КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ , како надлежен суд постапувајќи по барањето од **Арлинда Кадри-Шахиновиќ** од Скопје, а врз основа на податоците од кривичната евиденција, согласно со чл.295 вв со чл. 94 од Судскиот деловник, го издава следното:

## УВЕРЕНИЕ ЗА КРИВИЧНА ЕВИДЕНЦИЈА

За **Арлинда Кадри-Шахиновиќ** со ЕМБГ [redacted] родена во Скопје, Р.Северна Македонија од татко Исмет, мајка Ниѓар со живеалиште во Скопје - Аеродром, [redacted] државјанин на Р.Северна Македонија нема обвинителен акт кој влегол во правна сила, ниту пак е донесена неправосилна осудителна пресуда.

Уверението се издава на барателот, а заради **конкурс за член на судски совет на Р.С. Македонија** и за друго не може да се употреби.

Таксата во износ од 320,00 денари е наплатена согласно чл.2 и тарифен број 21 од Законот за судски такси (Сл.Весник на РМ бр.114/09 од 14.09.2009).

м/а

По овластување на в.д. Претседателот на судот,
Судија
Душан Јосифов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН
Бр. 13-1797/4
23.11.2017 год.
СКОПЈЕ

FON
FIRST PRIVATE
UNIVERSITY

Согласно член 132, став 1 од Законот за високото образование и член 134 од Статутот на Првиот приватен универзитет - ФОН, Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки, на седницата одржана на 23.11.2017, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК

**Д-р АРЛИНДА КАДРИ ШАХИНОВИЌ** се избира за наставник во научните области семејно право и наследно право, во наставно-научно звање **ДОЦЕНТ**, за временски период од 5 (пет) години.

**О б р а з л о ж е н и е**

На конкурсот објавен за избор на наставник се пријави кандидатот д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ.

Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки, по предлог на рецензионата комисија во состав:

- проф. д-р Темелко Ристески - претседател
- проф. д-р Игор Камбовски - член
- доц. д-р Зинет Асани - член

едногласно ја избра д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ за наставник во научните области семејно право и наследно право, во наставно-научно звање доцент.

**Скопје, 23.11.2017**

**в.д. Д е к а н**

**проф. д-р Сејдефа Џафче**

**IURIDICA PRIMA**
Institute for Legal – Economic Research and Education
Dimo Hadzidimov 8/1-1 Skopje, Republic of N. Macedonia
ИНСТИТУТ ЗА ПРАВНО ЕКОНОМСКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕДУКАЦИЈА
**ЈУРИДИКА ПРИМА**
e-mail:iuridicaprima@gmail.com ● www.iuridicaprima.mk ● facebook: iuridica prima

# П Р Е П О Р А К А

за кандидат
за член на Судскиот совет на
Република С. Македонија

Институтот за правно-економски истражувања и едукација ЈУРИДИКА ПРИМА, со ова писмо дава највисока препорака за проф. д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ, вонреден професор на Правниот факултет при Универзитетот МИТ во Скопје, како кандидат за член на Судскиот совет.

Проф. д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ, повеќе години учествува во научно-истражувачката дејност на Институтот Јуридика Прима и во едукацијата од областа на правото. Освен во рамките на организацијата на Меѓународната научна конференција „Охридска школа на правото“ и Меѓународната научна конференција „Тиквешки правнички денови“, учествува и со свои научни трудови посветени на актуелни прашања од областа на правото. Со своите активности во рамките на Институтот, проф. д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ даде свој несебичен придонес и заложби за унапредување и развој на правото и правната мисла во Македонија, за што е наградена со Благодарница.

Нејзините трудови се објавени во Зборниците на трудови од Охридската школа на правото и се оценети со високи оцени од страна на рецензентите. Со тоа се потврдува нејзината стручност и продлабочено познавање на важечкото законодавство и правната наука. Особено се истакнува нејзината подготвеност со аргументирани сопствени ставови,

Здружение на граѓани СОС ДЕТСКО СЕЛО
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр 03 - 2567 / 1
17.12.2025
Скопје

ПРЕПОРАКА

# ПРЕПОРАКА

за кандидат за член на Судскиот совет на Република С. Македонија

Јас, Јулијана Гапо како Национален Директор на Детско село Македонија, со особена чест и целосна професионална одговорност ја давам оваа препорака за проф. д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ, вонреден професор по право, како кандидат за член на Судскиот совет.

Во текот на нашата соработка, проф. д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ се истакнува како исклучителен правен експерт со висок степен на професионална етика, интегритет и чувство за општествена одговорност. Нејзиното длабоко познавање на правниот систем, принципите на владеење на правото, како и континуираната академска и научна дејност, претставуваат силна основа за одговорната улога на член на Судскиот совет.

Особено би сакала да ја истакнам нејзината посветеност на заштитата на правата на децата и ранливите категории, како и разбирањето на значењето на независно, непристрасно и ефикасно судство. Како соработник на Детско село, проф. д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ секогаш покажува висок степен на сензибилитет, правична проценка и одговорен пристап кон прашања од јавен интерес.

Убедена сум дека нејзиното знаење, професионално искуство и морални вредности ќе придонесат кон зајакнување на кредибилитетот, транспарентноста и интегритетот на Судскиот совет и на судскиот систем во целина.

Со целосна увереност ја давам оваа препорака и силно ја поддржувам кандидатурата на проф. д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ за член на Судскиот совет.

Со почит,
Јулијана Гапо

Национален директор
СОС Детско село Македонија

Здружение на граѓани СОС Детско село Северна Македонија Скопје

Скопје, 17.12.2025

# ПРЕПОРАКА

Ми претставува исклучително задоволство да ја препорачам проф. д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ како истакнат доктор на правни науки со долгогодишна успешна академска кариера, со богат научно истражувачки опус за кандидат за член на Судскиот совет. Во колективот на Факултетот за правни и политички науки при АУЕ-ФОН Универзитетот беше подолго од 12 години, период на наша заедничка соработка кој ми дава за право со сигурност да потврдам дека таа даде исклучителен придонес за развој за севкупниот развој на АУЕ – ФОН Универзитетот со посебен акцент на наставно-научниот процес на Факултетот за правни и политички науки. Во текот на работниот ангажман на Факултетот за правни и политички науки и како соработник и како наставник покажа исклучителни резултати во наставниот, научниот и образовниот процес. Со нејзината посветена работа, истражувачка љубопитност и способност да ги согледа слабостите подалеку од чистата теоретска мисла, претставува вредност која е во функција на остварување на позитивни резултати. Професорката Арлинда во извршување на работните задачи покажа висока професионалност, посветеност и темелно познавање на правото. Нејзината способност да ги анализира и најсложените правни прашања, да даде прецизни согледувања и да најде најоптимални решенија е навистина импресивна. Таа е личност од доверба, која секогаш постапува со највисоки етички стандарди. Со одлични комуникациски способности, колегијален дух и аналитички пристап, таа успева да се вклопи и да даде придонес во исполнување на работните задачи на колегијално ниво.

Поради сите горенаведени причини, проф. д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ ја има мојата сесрдна поддршка, препорака со силно убедувања дека таа со своите изразени професионални, морални и етички вредности ќе даде придонес во развојот, угледот и работата на Судскиот совет.

Скопје 18.12.2025

Со почит,

Проф. д-р Сејдефа Џафче
Декан на Факултетот за правни и политички науки
АУЕ - ФОН Универзитет
Бул. Киро Глигоров бб, 1000 Скопје ; web: www.fon.edu.mk
тел. +389 2 2445-555; e-mail:sejdefa.dzafche@fon.edu.mk

Препорака

за кандидат за член на Судскиот совет на Република С. Македонија

Јас, проф. д-р Гордан Калајџиев со ова писмо ја изразувам мојата целосна поддршка за кандидатурата на проф. д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ за член на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Во текот на нашата соработка, имав можност да се уверам во нејзиниот висок професионализам, интегритет и посветеност кон владеењето на правото.

Проф. д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ поседува длабоко познавање на правната материја, аналитички способности и исклучителна етичка свест, што се клучни предуслови за вршење на функцијата член на Судскиот совет. Нејзината способност да донесува одлуки врз основа на закон и факти, без влијание од надворешни фактори, е гаранција за независност и непристрасност.

Дополнително, Арлинда Кадри Шахиновиќ се одликува со комуникациски вештини и конструктивен пристап во решавање на комплексни правни прашања, што придонесува за транспарентност и ефикасност во работата на институциите.

Сметам дека изборот на проф д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ за член на Судскиот совет ќе биде значаен придонес кон зајакнување на правосудниот систем и довербата на јавноста во судската власт.

Со почит,

Проф. д-р Гордан Калајџиев

Правен факултет "Јустинијан Први"- Универзитет "Св. Кирил и Методиј"

Скопје, 17.12.2025

# **П Р Е П О Р А К А**

За кандидат

За член на Судскиот совет на

Република С. Македонија

Со ова писмо ја изразувам мојата поддршка за кандидатурата на проф. д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ за член на Судскиот совет на Република Северна Македонија. На колешката Арлинда Кадри Шахиновиќ имав чест и задоволство да и бидам член на Комисијата за одбрана на докторскиот труд и имав можност да се уверам во нејзините исклучително високи истражувачки и научни квалитети. Во текот на нашата соработка ја запознав кандидатката за член на Судскиот совет и сум длабоко уверен дека се работи за личност со високи морални и човечки квалитети, која поседува личен интегритет и која е целосно посветена на владеење на правото.

Арлинда Кадри Шахиновиќ поседува длабоко познавање на правната материја, аналитички способности и исклучителна етичка свест, што се клучни предуслови за вршење на функцијата член на Судскиот совет. Освен тоа, таа се одликува со одлични комуникациски вештини и конструктивен пристап во решавањето на комплексни правни прашања, што се исто така битни предуслови за квалитетно вршење на функцијата член на Судскиот совет.

Според поставеноста на системот и според важечките морални и етички норми, членовите на судскиот совет треба да ги извршуваат своите должности независно и непристрасно, ослободени од какво било политичко, економско, институционално или лично влијание. Тие не смеат да бараат или да прифаќаат инструкции од кој било орган или поединец и треба да избегнуваат какво било дејствие што може да создаде впечаток на пристрасност или зависност.Членови те на Судскиот совет мора да постапуваат со должно професионално внимание, компетентност и совесност. Одлуките поврзани со назначувањето, унапредувањето, евалуацијата и дисциплинската одговорност на судиите треба да се засноваат исклучиво на објективни, јасни и однапред утврдени критериуми, применети доследно и без дискриминација. Во оваа смисла, уверен сум дека со своите лични и професионални квалитети проф. д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ ќе ги задоволи високите критериуми за членство во Судскиот совет и ќе овозможи овој исклучително значаен орган за функционирање на судството да ја врши својата работа на законски и одговорен начин.

Скопје, 16.12.2025

проф. д-р Дејан Мицковиќ

Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

Д. Мицковиќ

# П Р Е П О Р А К А

за кандидат за член на Судскиот совет на Република С. Македонија

Почитувани,

Јас, проф. д-р Владо Камбовски, со ова писмо ја изразувам мојата највисока и недвосмислена препорака за кандидатурата на проф. д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ, вонреден професор на Правниот факултет при Универзитетот МИТ во Скопје, како кандидат за член на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Како ректор и универзитетски професор со долгогодишно искуство во областа на правото, судството и правната држава, имав можност непосредно да ги следам професионалните, академските и етичките квалитети на кандидатката. Станува збор за личност со исклучителен интегритет, високо ниво на правна култура и длабоко чувство за јавен интерес и одговорност.

Проф. Д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ се истакнува со темелно познавање на судското право, принципот на судска независност и европските стандарди за владеење на правото. Нејзиното професионално делување е обележано со аргументираност, независност во расудувањето и почитување на етичките стандарди, што се клучни предуслови за успешно и кредибилно учество во работата на Судскиот совет.

Посебно би сакал да ја истакнам нејзината способност за аналитичко размислување, институционална лојалност и конструктивен придонес во донесувањето одлуки од суштинско значење за судскиот систем. Убеден сум дека како член на Судскиот совет, кандидатката ќе придонесе кон јакнење на независноста, одговорноста и угледот на судството.

Со целосна професионална и лична одговорност ја давам оваа препорака, уверен дека изборот на проф. д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ ќе биде во интерес на правниот систем и демократскиот развој на државата.

Со почит,

Академик проф. д-р Владо Камбовски
Ректор

Скопје, 22.12.2025